**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-62714
28-07 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

---

# И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т Е Њ Е Т О
## НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.04 ДО 30.06.2022 ГОДИНА

**Скопје, Јули 2022 година**

НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
RADIODIFUZIONI NACIONAL
NATIONAL BROADCASTING

## СОДРЖИНА

**Страна**


ВОВЕД ---------------------------------------------------------------------------------------------------3

1. Општи информации ---------------------------------------------------------------------3
2. Реализирани активности ---------------------------------------------------------------5
3. Извештај за финансискиот резултат -Биланс на успех------------------------7

3.1. Приходи-------------------------------------------------------------------------------8

3.2. Расходи ------------------------------------------------------------------------------9

4. Извештај за финансиската состојба – Биланс на состојба -----------------13

4.1.1. Нетековни средства--------------------------------------------------------------13

4.1.2. Тековни средства-----------------------------------------------------------------14

4.1.2.1 Пари и парични еквиваленти------------------------------------------------14

4.1.2.2 Состојба на вкупните побарувања-----------------------------------------14

4.1.2.3 Состојба на залихи---------------------------------------------------------------16

4.2. Состојба на вкупни обврски------------------------------------------------------17

5. Состојба на вработените -----------------------------------------------------------18

## ВОВЕД

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈП Национална радиодифузија-Скопје, изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење. Во составувањето на Финансиските извештаи, ЈП НРД Скопје ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ/ МСС) и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели.

Финансиските извештаи се изготвуваат на пресметковна основа, при што се применува принципот на признавање на ефектите од трансакциите кога ќе настанат. Во финансиските извештаи се прикажани средствата, обврските и капиталот, кои се однесуваат на работењето на претпријатието.

Овој финансиски извештај се однесува за работењето во вториот квартал од 2022-та година. Врз основа на прикажаните приходи и расходи за вториот квартал изразени во билансот на успех, ЈП Национална радиодифузија оствари негативен финансиски резултат во износ од 10.332.117 денари. Вкупните приходи се реализирани во висина од 48.458.748 денари, додека расходите се реализирани во вкупен износ од 58.790.865 денари.

ЈП Национална радиодифузија во периодот 01.04 до 30.06.2022 година своето работење го извршуваше со 178 вработени.

### 1. Општи информации

ЈП Национална радиодифузија – Скопје е јавен радиодифузен оператор на територијата на РСМ, кој се грижи за обезбедување, оптимална чујност и гледаност на програмите на територијата на Република Северна Македонија, што се емитуваат преку основната радиодифузна мрежа.

Во согласност со член 5 од Законот за основање на ЈП Национална Радиодифузија – Скопје (Сл.Весник на РМ бр.6/98 и дополнување во бр.98/2000) основна дејност на Друштвото опфаќа:

- развој, проектирање, изградба, одржување и употреба на основната радиодифузна мрежа на територијата на Република Северна Македонија;
- обезбедување пренос, емитување и дистрибуција на радио и телевизиски програми и други информациски содржини наменети за

општ прием во слободен простор и по кабловска радио-телевизиска мрежа на територијата на Република Северна Македонија;

- обезбедување на телетекс, пренос на податоци преку радио и други услуги преку основната радиодифузна мрежа;
- обезбедување емитување на посебни програми за информирање, зачувување на културните и историските традиции и за одржување и унапредување на врските со иселениците и други граѓани од Република Северна Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и други континенти;
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија со радио и телевизиски сигнали емитувани од МРТ, како и контрола и мерење на пречки од други радиодифузни станици.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје. Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопјез за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи

- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

Основен извор на средствата за редовно работење и развој, односно за покривање на трошоците е приходот за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ односно од Министерството за информатичко општество и администрација. Средствата за работење, се обезбедуваат и од други извори: приходи кои се остваруваат со обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во кои не е опфатен преносот и емитувањето на програмските сервиси на ЈП МРТ и од други извори во согласност со закон.

## 2. Реализирани активности

Во текот на вториот квартал од 2022-та година, активностите на ЈП НРД беа насочени кон исполнување на редовните активности во согласност со постојните законски задолженија.

КОВИД-пандемијата, финансиската криза, како и енергетската криза, имаа крајно негативно влијание, односно го отежнуваа тековното работење на претпријатието, како и реализирањето на сите позначајни инвестиции. Во вториот квартал од годината, се појави застој или откажување на веќе планираните тековни и нови активности. Но, и покрај отежнатите услови со кои се соочвме, успеавме да обезбедиме задоволување на барањата на корисниците на услугите, да понудиме квалитетен одговор на јавните потреби на граѓаните, да обезбедиме одржливост, унапредување и континуитет на нашата работа. ЈП Национална Радиодифузија ќе продолжи со реализација на

Програмата за 2022-та година во наредниот период од годината, во рамките на обезбедените средства.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје како јавен национален радиодифузен оператор, обезбедува пренос и емитување на програмите и програмските сервиси за Македонската радиотелевизија, преку сопствена мрежа на 135 локации низ целата територија на Република Северна Македонија. ЈП НРД врши размена на аудио и видео настани и матерјали низ целата територија, како и размена на аудио и видео настани и матерјали во странство.

Во вториот квартал од 2022 година, ЈП НРД во рамките на редовните активности изврши: превентивно-тековно одржување и сервисирање на постојната DVB-T, ФМ и СБ опрема, редовно одржување на енергетската опрема, агрегатските постројки, системите за осветлување на антенските столбови, дигиталните предавателни и микробранови врски, како и редовно одржување на радиодифузните објекти во кои е сместена телекомуникациската опрема.

ЈП НРД е имплементатор на проектот Широкопојасен Интернет (broadband мрежа), што опфаќа обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, со фокус на определените бели зони и оправдани сиви зони.

ЈП Национална радиодифузија – Скопје, во вториот квартал од 2022 година ги реализираше следните активности поврзани со Бродбендот:

- Учество во меѓународна регулаторна коференција организирана од Агенција за електронски комуникации во 4-та сесија Бродбенд со презентација: Изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа;

- Континуирано е работено на утврдување на техничките карактеристики на безжичните пристапни точки во однос на:
- WiFi стандардите и стандардите за напојување,
- мерки за обезбедување заштита од сајбер инциденти,
- гарантирана минимална брзина, гарантиран број на корисници кои истовремено ќе треба да бидат опслужени, временско ограничување за фер користење, расположливост на безжична пристапна точка,

- поставувањето на опрема, потребната нејзина физичка заштита и карактеристики, гаранција на опремата, итн.
- анализа на пазарот за расположлива wi-fi опрема и нејзина цена на чинење;

- Континуирана работа за имплементирање со ажурирање на податоците за Националната транспортна оптичка мрежа во Гис платформата;
- Ажурирање на податоции во Јавните институции на локално ниво и на централно ниво за брзината на интернетот, технологија која се користи, месечениот надоместок за интернет и други технички параметри;
- Реализирани координативни состаноци со Национална Канцеларија за Бродбенд компететност во однос на исполување на задолженијата за бродбенд;
- Технички состаноци со Агенција за електронски комуникаци за синхронизација на Гис платформите;
- ЈП НРД отпочна со реализација на задолженијата добиени согласно Нацт – записникот од педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 21 јуни 2022 год., а се однесуват на подготовка за студијата за изводливост за изградба на Национална транспортна оптичка мрежа.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ - БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги прикажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈП Национална радиодифузија – Скопје и финансискиот резултат во анализираниот период, вториот квартал од 2022-та година.

Вкупните приходи во вториот квартал од 2022 година, се реализирани во висина од 48.458.748 денари, додека расходите во вкупен износ од 58.790.865 денари, со што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 10.332.117 денари.

Остварениот финансиски резултат во периодот 01.04.-30.06.2022 година, е како што следува:

| Опис | Остварување 04/06/2021 | Финансиски план 2022 г. | Остварување 04/06/2022 | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| А.ВКУПНИ ПРИХОДИ | 52.706.959 | 223.975.000 | 48.458.748 | 91,94 | 21,63 |
| Б.ВКУПНИ РАСХОДИ | 46.404.104 | 223.975.000 | 58.790.865 | 126,69 | 26,25 |
| ФИНАНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (А-Б) | **6.302.855** | - | -10.332.117 | | |

**3.1. Приходи**

Во вториот квартал од годината, ЈП НРД-Скопје реализира вкупни приходи во износ од 48.458.748 денари, што е остварување од 21,64 проценти од Годишниот финансиски план. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, вкупните приходи се намалиле за 8,06 проценти.

**Преглед на вкупни приходи (според Биланс на успех)**

| Опис | Остварени приходи 04/06/2021 | Планирани приходи за 2022 г. | Остварени приходи 04/06/2022 | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Оперативни приходи** | **4.797.931** | **19.000.000** | **4.253.890** | **88,66** | **22,39** | **8,78** |
| Приходи од наемнини | 4.797.931 | 19.000.000 | 4.253.890 | 88,66 | 22,39 | 8,78 |
| **Останати приходи** | **47.909.028** | **203.975.000** | **44.012.206** | **91,87** | **21,58** | **90,82** |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | - | - | 136.006 | - | - | 0,28 |
| Приходи од субвенции | 43.875.000 | 175.500.000 | 43.875.000 | 100,00 | 25,00 | 90,54 |
| Приходи од донации | 3.936.478 | 22.475.000 | - | - | - | - |
| Останати приходи од работењето | - | 6.000.000 | 1.200 | - | - | |
| **Финансиски приходи** | **97.550** | **1.000.000** | **192.652** | **197,49** | **19,26** | **0,40** |
| Приходи од камати од работењето | 97.550 | 1.000.000 | 192.652 | 197,49 | 19,49 | 0,40 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **52.706.959** | **223.975.000** | **48.458.748** | **91,94** | **21,64** | **100** |

**Оперативните приходи** во анализираниот период се остварени во износ од 4.253.890 денари, што е реализација од 22,39 % во однос на планираните приходи за 2022 година. Истите, учествуваат со 8,78 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од наемнини. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат пад од 11,34 проценти. Приходите од наемнини, се реализираат по основ закупнина за користење на простор за сместување на опрема, од страна на: трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

Ставката **останати приходи** има реализација во износ од 44.012.206 денари, или остварување од 21,58 проценти во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат намалување за 8,13 проценти. Останатите приходи учествуваат со 90,82 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход по основ на : приходи од наплатени отпишани побарувања(136.006 денари), субвенции од Буџетот на РСМ (43.875.000 денари) и останати приходи од работењето(1.200 денари).

**Финансиски приходи** се реализирани во износ од 192.652 денари, а се однесуваат на камати за прилив на средства на трансакциските сметки и од денарските депозити. Во вкупно остварените приходи, финансиските приходи имаат незначително учество(0,40%) . Споредено со истиот период од минатата година, финансиските приходи се зголемиле за 97,49 проценти.

**3.2. Расходи**

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во период од 01.04 до 30.06 2022 година, се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од 58.790.865 денари.

Во однос на Годишниот финансиски план за 2022 година, вкупните расходи во анализираниот период се остварени со 26,25 проценти.

Споредени со расходите остварени во истиот период од 2021 година, се реализирани за 26,69 % повисоко.

Вкупните расходи според Билансот на успех остварени во период од 01.04 до 30.06 2022 година се прикажани во следнава табела:

**Преглед на вкупни расходи (според Биланс на успех)**

| Група | Остварени расходи 04/06/2021 | Финансиски план 2022г. | Остварени расходи 04/06/2022 | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Трошоци за суровини, матерјал,енергија,резр. делови и ситен инвентар | 8.431.441 | 62.245.000 | 19.334.810 | 229,32 | 31,06 | 32,89 |
| Трошоци за услуги од тековни потреби | 2.624.893 | 11.566.000 | 1.968.013 | 74,97 | 17,02 | 3,35 |
| Плата и надоместоци од плата ,останати трошоци на вработените | 27.327.149 | 118.935.000 | 27.585.463 | 100,95 | 23,19 | 46,92 |
| Трошоци за амортизација | 5.913.457 | 18.000.000 | 7.817.781 | 132,20 | 43,43 | 13,29 |
| Останати трошоци од работењето | 2.106.717 | 13.079.000 | 2.060.984 | 97,83 | 15,76 | 3,50 |
| Останати расходи од работењето | - | 100.000 | 23.814 | - | - | 0,05 |
| Финансиски расходи | 447 | 50.000 | - | - | - | - |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **46.404.104** | **223.975.000** | **58.790.865** | **126,69** | **26,25** | **100** |

**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**, во вториот квартал од 2022 година се остварени во вкупен износ од 19.334.810 денари , што е реализација од 31,06 % од финансискиот план за 2022 година. Споредени со трошоците остварени во истиот период од 2021 година, трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови значително се зголемиле,така што бележат пораст за 129,32 проценти.

Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови во вкупните расходи учествуваат со 32,89 %, а се однесуваат на:

- трошоци за матерјали 77.880 денари
- трошоци за енергија 19.156.874 денари
- трошоци за резервни делови и матерјали 100.056 денари.

Во групата трошоци за суровини, материјали, енергија и резервни делови, најголемо учество имаат трошоците за енергија, кои учествуваат со

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на: бруто плати основна плата, даноци, придонеси, минат труд, празнична работа, ноќна работа, годишен одмор, боледување, платено отсуство, отпремнини и други лични примања .

Платите на вработените во анализираниот период, се пресметувани согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, Колективниот договор и нормативните акти на претпријатието.

**Трошоците за амортизација** во вториот квартал од 2022 година изнесуваат 7.817.781 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2022 година претставува остварување од 43,43 проценти. Споредени со истиот период од минатата година, трошоците за амортизација се остварени за 32,20 проценти повисоко. Во вкупните расходи трошоците за амортизација учествуваат со 13,29 проценти.

Амортизација на материјални и нематеријални средства се врши согласно законската регулатива и сметководствените политики на претпријатието.

**Останатите трошоци од работењето** во вториот квартал од 2022 година се реализирани во вкупен износ од 2.060.984 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2022 година претставува остварување од 15,76 проценти. Споредени со истиот период од минатата година, овие трошоци се остварени за проценти 2,17 проценти пониско. Во вкупните расходи, останатите трошоци од работењето учествуваат со 3,50 проценти.

Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- трошоци за дневници за службени патувања 206.071денари
- надоместоци на органи на управување и надзор 419.994 денари
- трошоци за репрезентација 31.006 денари
- трошоци за осигурување 42.299 денари
- банкарски услуги и трошоци на платен промет 27.752 денари
- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки 315.658 денари
- останати трошоци 1.018.204 денари.

**Групата останати расходи** во вториот квартал од 2022 година, бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 23.814 денари. Останатите

99,08 %. Трошоци за енергија, споредени со трошоците остварени во истиот период од 2021-та година бележат зголемување од 127,25 проценти, што произлегува од зголеменaта цена на електрична енергија, нафтата и топлинската енергија. Во вкупните расходи трошоците за енергија учествуваат со 32,59 проценти.

Ставката трошоци за енергија ги опфаќа : трошоците за електрична енергија (16.503.410 денари ), трошоците за гориво за моторни возила (317.467 денари), трошоците за дистрибуција на електрична енергија (1.787.380 денари), трошоците за енергија-нафта (370.122 денари) и трошоците за затоплување на простор (178.495 денари).

**Трошоците за услуги од тековни потреби** во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од 1.968.013 денари, што е реализација од 17,02 проценти од Годишниот финансиски план за 2022 година. Споредено со истиот период од минатата 2021 година, се намалиле за 25,03 проценти. Истите, опфаќаат 3,35 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје.

Трошоците од групата услуги од тековни потреби, кои се остварени во период од 01.04.2021 до 30.06.2022 година се однесуват на :

- поштенски и телефонски услуги 328.291 денари
- услуги на заштита и одржување 767.671 денари
- наемнини 415.263 денари
- комунални услуги 430.292 денари
- останати услуги 26.496 денари.

**Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,** во вториот квартал од 2022 година се реализирани во износ од 27.585.463 денари, што во однос на Годишниот финансиски план претставува остварување од 23,19 проценти. Споредени со истиот период од минатата година бележат незначителен пораст од 0,95 проценти. Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат со 46,92 %.

По основ трошоци за плати, надоместоци од плата и останати трошоци пресметани се следниве трошоци: плата и надоместоци од плата-бруто во висина од 27.397.588 денари и останати трошоци за вработените во износ од 187.875 денари.

расходи во вкупните расходи учествуваат со 0,05 %, а се однесуваат на дополнително утврдени расходи од предходни години.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА - БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба е кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот, кои произлегуваат од сите активности во претпријатието, од неговото основање до денот на составување на билансот.

### 4.1.1. Нетековни средства

Вкупната вредност на нетековните средства на 30.06.2022 година, изнесува 491.576.328 денари.

Состојбата на нетековните средства е прикажана во следнава табела:

| **Вид на средство** | **Состојба 30.06.2021** | **Состојба 30.06.2022** |
|---|---|---|
| **Нематерјални средства** | - | - |
| 003 Софтвер и останати права | 19.039.730 | 19.039.729 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематерјални средства | -19.039.730 | -19.039.729 |
| **Сегашна вредност на нематерјални средства** | 0 | **0** |
| **Матерјални средства** | **514.363.133** | **491.576.328** |
| 010 Земјиште | 218.891.094 | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 272.810.062 | 273.452.444 |
| 012 Постројки и опрема | 1.218.085.259 | 1.221.953.731 |
| 013 Алат, погонски и канцелариски ,мебел инвентар и транспортни средства | 131.804.409 | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на матерјални средства | -1.327.227.691 | -1.354.525.349 |
| **Сегашна вредност на матерјални средства** | **514.363.133** | **491.576.328** |
| **Нетековни средства** | **514.363.133** | **491.576.328** |

### 4.1.2.Тековни средства

Тековните средства на ЈП НРД ги сочинуваат: парични средства, краткорочните побарувања, краткорочните финансиски средства и залихите на суровини, материјали, резервни делови, ситен инвентар и авто гуми. Вкупната вредност на тековните средства на 30.06.2022 година изнесува 247.793.049 денари.

#### 4.1.2.1 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни) и готовината во благајна. На крајот на второто тромесечие состојбата на паричните средства изнесува вкупно 150.803.647 денари.

Состојбата на паричните средства е прикажана во следнава табела:

| **Опис** | **Состојба на 30.06.2021** | **Состојба на 30.06.2022** |
|---|---|---|
| Парични средства на трансакциски сметки | 119.654.143 | 150.399.444 |
| Парични средства на благајна | 19.816 | 403.779 |
| Девизни сметки | 424 | 424 |
| Други парични средства-преодна сметка | 247.044 | |
| **Вкупно парични средства** | **119.921.426** | **150.803.647** |

#### 4.1.2.1 Состојба на вкупните побарувања

Вкупните ненаплатени побарувања на 30.06.2022 година изнесуваат 36.694.409 денари.

Состојбата на вкупните побарувања на ЈП НРД на крајот на второто тромесечие е прикажана во следнава табела:

| Сметка | **Состојба на 30.06.2021** | **Состојба на 30.06.2022** |
|---|---|---|
| **1.Краткорочите побарувања** | **18.888.018** | **17.140.205** |
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 437.196.166 | 441.135.494 |
| 122-Дадени аванси во земјата | 10.720 | - |
| 125-Побарувања од казнени камати | 239.200 | 1.186.706 |

**Краткорочните финансиски средства** на 30.06.2022 година изнесуваат 19.052.494 денари. Споредено со истиот период од претходната година, краткорочните финансиски средства значително се намалиле(72,08%).

На 30.06.2022 година, се евидентирани **трошоци за идни периоди** (активните временски разграничувања) во износ од 501.710 денари, што претставува зголемување од 42,76% споредено со истиот период од претходната година.

**4.1.2.3 Состојба на залихи**

Вкупните залихи на 30.06.2022 година изнесуваат 60.796.703 денари.

Залихите се водат по набавна вредност. Залихите на ситен инвентар целосно се отпишуваат во моментот кога се ставаат во употреба но остануваат во евиденција заради следење.

Залихите на суровини и матерјали ангажираат 81,58% од евидентираните вкупни залихи на крајот на вториот квартал од годината, а се однесуваат на следните материјали: електричен матерјал, технички матерјал, матерјал за хигиена и техничко одржување, електричен матерјал Проект дигитализација, технички матерјал Проект дигитализација, електричен матерјал Проект образование и останати суровини и матерјали.

Состојбата на залихите е прикажана во следнава табела:

| Опис | **Состојба на 30.06.2021** | **Состојба на 30.06.2022** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 310- Суровини и матерјали на залиха | 49.627.914 | 49.601.553 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 10.365.648 | 10.366.504 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 7.027.070 | 7.032.815 |
| 352-Амбалажа и автогуми на залиха | - | 21.240 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -7.117.000 | -7.122.745 |
| **Вкупно залихи** | **60.800.970** | **60.796.703** |

| | | |
|---|---|---|
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 | 53.778.964 |
| 129-Вредносно усогласување на побарувањата | -482.975.594 | -480.817.310 |
| 133-Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 9.882.431 | 848.914 |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 75.774 | 83.247 |
| 145-Останати побарувања од вработените | 535.152 | 778.986 |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 | 145.205 |
| **2.Краткорочни финансиски средства** | **70.000.000** | **19.052.494** |
| 152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг<br>-позајмица ЈП Национални шуми<br>-позајмица АД Елктрани на РСМ | 70.000.000<br><br>70.000.000 | 19.052.494<br><br>-947.506<br>20.000.000 |
| **3.Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи(АВР)** | **376.487** | **501.710** |
| 191-Однапред платени трошоци | 351.438 | 501.710 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | 4.121 | - |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 20.928 | - |
| **Вкупно побарувања (1+ 2+3)** | **89.264.505** | **36.694.409** |

**Краткорочни ненаплатени побарувања** на 30.06.2022 година изнесуваат 17.140.205 денари, што претставува намалување од 9,25% споредено со истиот период од претходната година. Истите, се однесуваат на следните видови побарувања: побарувања од купувачи, побарувања од казнени камати, сомнителни и спорни побарувања, вредносно усогласување на побарувања по основ радиодифузна такса, побарувања за повеќе платен данок од добивка, побарувања од вработените за аконтации за службени патувања и останати побарувања од вработените.

## 4.2. Состојба на вкупни обврски

Вкупните обврски евидентирани во сметководствената евиденција на 30.06.2022 година изнесуваат 59.690.416 денари.

Состојбата на вкупните обврски е прикажана во следнава табела:

| Сметка | **Состојба на 30.06.2021** | **Состојба на 30.06.2022** |
|---|---|---|
| **1.Краткорочни обврски** | **48.404.089** | **19.325.839** |
| 221-Обврски кон добавувачите во земјата | 6.135.643 | 5.071.683 |
| 221-Обврски кон добавувачите во странство | 4.775.246 | 4.770.094 |
| 222-Обврски за примени аванси од купувачи | - | 45.876 |
| 230-Обврски за данок на додадена вредност | 288.797 | 251.710 |
| 233-Обврски за данок на добивка | -2488.766 | -1.212.403 |
| 234-Обврски за даноци за плати и надоместоци на плата | 3.014.502 | 3.031.739 |
| 235 -Обврски за персонален данок од доход | 28.262 | 22.244 |
| 237-Данок за непризнаени расходи и помалку платени приходи | 30.047.302 | - |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 6.000.269 | 6.436.776 |
| 241- Обврски за надоместоци на вработените | 8.326 | -141.310 |
| 242- Останати обврски на вработените по К.Д | - | 184.390 |
| 249- Останати обврски на вработените | 338.016 | 485.522 |
| 250-Обврски спрема осигурителни друштва | 4.014 | -3.322 |
| 251- Обврски за надомест на УО и НО | 203.327 | 131.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 3.973 | 78.917 |
| 253- Обврски за наемнини | 75.480 | 172.923 |
| 262-Краткорочни крдити и заеми | -302 | - |
| **2.Долгорочни резервирања** | **1.061.248** | **1.061.248** |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 | 1.061.248 |
| **3.Долгорочни обврски** | **10.000.000** | **10.000.000** |
| 283- Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство | - | - |
| 286-Долгорочни обврски за заеми и кредити | 10.000.000 | 10.000.000 |
| **4.Одложено плаќање на трошоци и приходи(ПВР)** | **22.427.729** | **29.303.328** |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -416.593 | 7.197.254 |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 22.844.322 | 22.106.074 |
| **Вкупно обврски(1+ 2+3+4)** | **81.893.066** | **59.690.416** |

Краткорочни обврски на 30.06.2022 година изнесуваат 19.325.839 денари, што претставува намалување од 60,08 проценти споредено со истиот период претходната година. Долгорочните резервирања на крајот од годината изнесуваат 1.061.248 денари.

Вкупните одложени приходи (ПВР) со состојба на 30.06.2022 година изнесуваат 29.303.328 денари, што претставува зголемување од 30,65 %, споредено со истиот период претходната година. Истите, се однесуваат на: однапред пресметани трошоци за електрична енергија и приходи стекнати по основ на добиени донации како државна поддршка во телекумуникациона опрема, кои се корегирани за ефектот на одложен приход.

## 5. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вкупниот број на вработени, со состојба на 30.06.2022 година изнесува 178 лица.

Состојбата на вработените во ЈП НРД-СКОПЈЕ по квалификации е следна:

| | ВСС | ССС | НСС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **30.06.2021** | 47 | 123 | 12 | **182** |
| Структура | 25,83 | 67,58 | 6,59 | 100 |
| **30.06.2022** | 44 | 122 | 12 | **178** |
| Структура | 24,72 | 68,54 | 6,74 | 100 |

Подготвил: Весна Коцевска

**ЈП Национална радиодифузија Скопје**
**Претседател на УО**
**Дионис Танаскоски**